Врз основа на член 9 став 5 од Законот за платниот промет ("Службен весник на РМ" бр 32/2001 и 50/2001 година), министерот за финансии донесува

# У П А Т С Т В О
## за начинот и постапката за отворање и затворање на сметка

1. Со ова упатство се пропишува начинот и постапката за отворање и затворање на сметки на учесниците во платниот промет.

2. Учесникот во платниот промет отвора сметка кај носителот на платниот промет врз основа на писмено барање.

2.1.Со барањето за отворање на сметка учесникот во платниот промет му доставува на носителот на платниот промет:

- решение за упис во трговскиот регистар, односно во регистерот на надлежен орган , ако уписот во регистар е пропишан;

- акт од надлежен орган за основање, ако учесникот не е запишан во регистар и не е основан врз основа на закон;

- извод од законот, ако учесникот е основан согласно со закон;

- решение за распоредување на деловниот субјект според претежната дејност, согласно со Националната класификација на дејностите од Државниот Завод за статистика;

- пријава на овластени лица за располагање со средствата на сметките, со потпис и печат со кои ќе се заверуваат инструментите на платниот промет;

- доказ од Управата за јавни приходи за единствен даночен број;

- изјава за прифаќање и реализација на акцептните налози издадени заклучно со 30 јуни 2001 година, на товар на имателот на сметката кој е согласен, доколку на сметката нема доволно средства за потполно извршување на акцептниот налог, банката преку Единствениот регистар на иматели на сметки во клириншката куќа да ги извести другите банки да не дозволат извршување на другите налози освен налозите за пренос на средствата на сметката каде што е доставен акцептниот налог, се до негово целосно извршување."

- доказ дека сметката е пренесена од Заводот за платен промет, и
- други докази по барање на носителот на платен промет.

2.2 Отворањето, водењето и затворањето на сметките се утврдуваат со договор помеѓу носителот на платниот промет и учесникот на платниот промет. Договорот го потпишуваат лицата овластени за застапување на договорените страни, односно лицата кои тие ќе ги овластат.

2.3. Отворање на сметка на учесникот во платниот промет за кого е отворена стечајна постапка се врши врз основа на писмено барање на стечајниот управник  кај еден носител на платен промет кој тој ќе го определи, со кое се поднесува решение од надлежниот суд за отворање на стечајна постапка

2.4. Во случај да се извршени промени кај деловниот субјект кој што е во постапка на стечај се поднесува решениеза извршените промени.

3. Затворањето на сметките на  учесникот во платниот промет се врши по негово барање.

Сметката на учесникот во платниот промет не може да се затвори доколку на истата се евидентирани неизвршени налози и основи за наплата, а истите  не се пренесени на правен следбеник.

4. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Број 07 - 10912/3
29. мај 2001 година
Скопје

**МИНИСТЕР**
Никола Груевски, с.р.